**Акционерско друштво за организирана**
**исхрана,угостителство и туризам,**
**агенциско работење и трговија**
**УГОТУР АД Скопје**
**Бр.076**
**11.04.2018 година**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 35 од Статутот на Акционерско друштво за организирана исхрана,угостителство и туризам,агенциско работење и трговија УГОТУР Скопје, а во согласност со член 478 и 479 од Законот за трговски друштва, Годишното собрание на акционери на својата седница одржана на ден 11.04.2018 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**за назначување овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на УГОТУР АД Скопје за 2018 година**

1. За овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка, финансиските извештаи на УГОТУР АД Скопје за 2018 година се назначува Друштвото за ревизија Б и Љ Боро и Љупчо ДОО Скопје, со седиште на ул. Дрезденска бр. 52 Скопје.
2. Овластениот ревизор од став 1 на оваа одлука поднесува извештај за извршената ревизија, според Меѓународните ревизорски стандарди (МРС) објавени во Службен весник на Република Македонија што се ажурираат на годишна основа, заради усогласување со тековните стандарди онака како што се дополнети, изменети или усвоени од страна на Меѓународната федерација на сметководители (ИФАЦ).
3. Се овластува Извршниот директор на УГОТУР АД Скопје да го потпише договорот за вршење ревизија со назначениот овластен ревизор од став 1 на оваа одлука.
4. Трошоците за извршената ревизија паѓаат на товар на УГОТУР АД Скопје.
5. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Годишно собрание на акционери**
**на УГОТУР АД Скопје**
**Претседавач**

"УГОТУР" СКОПЈЕ